Годишната програма исто така има цел да придонесе во остварувањето на стратешките цели на органите, дефинирани во нивните стратешки планови, да придонесе во реализацијата на годишните програми за работа на општина Чешиново-Облешево, да овозможи планирање на финансиски средства за обука во рамките на годишниот буџет на општината , да помогне во развојот на човечките потенцијали во администрацијата и да обезбеди база на податоци за стручното усовршување на државните службеници.

2.РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ

Во општина Чешиново-Облешево се вработени вкупно 9 (девет) СДС, а согласно Годишната програма за 2014 година , во општина Чешиново-Облешево се реализирани следните генерички обуки:

Област:Урбанистичко планирање

Тема:Просторно и урбанистичко планирање

Информационен систем

Обуката е спроведена во текот на месец мај и јуни 2014 год., на 1 (еден) САДС –Вера Арсова , Самостоен референт за урбанистичко планирање .

Област:Урбанистичко планирање

Тема:Електронско издавање на одобренија за градење

Обуката е спроведена во текот на месец февруари 2014 год., на 2 (двајца) САДС –Вера Арсова , Самостоен референт за урбанистичко планирање и Светлана Заова-Виш референт архивар .

Област:Заштита на природата

Управување со отпад

Тема:Заштита на животната средина и природата

Обуката е спроведена во текот на месец април, мај и јуни 2014 год., на 1 (еден) СДС –Борче Сандев , Соработник,помлад инспектор за животна средина и комунални работи .

Област:Локален Економски Развој

Тема:Приготвување на апликација за проект

Обуката е спроведена во месец мај на 1 (еден) СДС-Љијанка Андонова- Советник за управување и координирање со човечки ресурси.

Област:Социјална заштита на деца

Тема:Администрирање на установите (Центар за едукација)

Обуката е спроведена во текот на месец јуни 2014 год., на 1 (еден) СДС –Љијанка Андонова , Советник за управување и координирање со човечки ресурси .

Област:Финансирање

Тема:Закон за јавни набавки

Обуката е спроведена во месец април на 1 (еден) СДС-Љијанка Андонова, Советник за управување и координирање со човечки ресурси.

3.ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА ОБУКА

Приоритетни области за обука на државните службеници се:
ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ:

Област: Административно работење

Тема: Канцеларско работење
Обука на 1 (еден) САДС

Област: IT вештини

Тема:Софтвер за канцеларско работење
Обука на 1 (еден) САДС

Област: Систем на јавна администрација и државна служба во РМ

Тема:Управна постапка
Обука на 2 (двајца) СДС

Област: Управување со финансии

Тема:Јавни набавки
Обука на 1 (еден) СДС

Тема:Буџетски циклус
Обука на 1 (еден) СДС

Област: Управување со човечки ресурси

Тема:Градење на тимови
Обука на 1 (еден) СДС

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ

Област: **Финансирање**

Тема:Администрирање на локални даноци и такси
Обука на 1 (еден) САДС и 1 (еден) СДС

Тема:Буџет на општината
Обука на 1 (еден) СДС

Тема:Внатрешна контрола и ревизија
Обука на 1 (еден) СДС

Тема:Сметководство
Обука на 1 (еден) СДС

Тема:Извори на приходи
Обука на 1 (еден) СДС

Тема:Трезорско работење
Обука на 1 (еден) СДС

Област: **ЛЕР**

Тема: Планирање и водење на проектен циклус
Обука на 1 (еден) СДС

Тема: Логистичка рамка
Обука на 1 (еден) СДС

Област: **Култура**

Тема: Програми, планови и акти за установите
Обука на 1 (еден) СДС

Област: **Урбанистичко планирање**

Тема: Просторно и урбанисточко планирање
Обука на 1 (еден) САДС

Тема: Планови и програми
Обука на 1 (еден) САДС

Област: **Заштита на животната средина и природата**

Тема: Заштита на животната средина
Обука на 1 (еден) СДС

Тема: Издавање на БИЕД и Елаборати за заштита на животна средина
Обука на 1 (еден) СДС

Област: **Друго**

Тема: Меѓуопштинска соработка
Обука на 1 (еден) СДС

Тема: Прекугранична соработка
Обука на 1 (еден) СДС

4.ОПРАВДАНОСТ/ ПРИЧИНИ ЗА ПРЕДВИДЕНИТЕ ОБУКИ

Со континуирана обука и надградба на човечките ресурси во општината , ќе се постигне успешно

извршување на надлежностите во секојдневното работење.

Секојдневното воведување на новини во постојаното работење побарува и проширување и обновување на постоечкото познавање на работењето и прописите.

Обуката е секогаш оправдана кога е спроведена на вистински места, односно на оние вработени кои имаат потреба од истата и кои ќе ја применат во понатамошното работење, ефективно менаџирање на државните службеници, развивање лидерски способности и менаџирање на тимска работа и разрешување на конфликти/преговори кои се неопходно потребни за оформување на ефикасна администрација, а резултите ќе се покажат во текот на работењето.

5.ФИНАНСИРАЊЕ

Од висината на финансиските средства за спроведување на програмата ќе зависи и бројот на обуките што ќе се реализираат.

За специјализираните обуки општината ќе обезбеди средства од сопствениот буџет, а ќе се направат напори да се добијат средства и од тековни проекти и донации.

За генеричките обуки финансиски средства ќе се обезбедат од Министерството за информатичко општество и администрација.

6.ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

Годишната програма за обука на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2015 год., се заснива на повеќе извори на информации. Меѓу нив , анализата на потребите од обуки има централно значење, а при изготвувањето се користени и сите релевантни информации кои се содржани во стратешките документи на Владата на РМ и Министерството за информатичко општество и администрација, како што се Насоките за изработка на годишна програма за обука на државните службеници.

Анализата од потреба од обуки беше најдиректен показател за она што треба да го научат вработените како би ги унапредиле своите знаења и вештини. Со овој процес се идентификуваа најпотребните, односно приоритетните области и теми за обука.Анализата на потребите од обука се спроведе на сите државни службеници во општината.

Континуираното следење на работата на државните службеници исто така придонесе за определување на категориите на државни службеници и областите во кои им се потребни дополнителни обуки, како би се обезбедил квалитет на услугите кои ќе ги извршуваат.

Во идентификувањето на потребите од обука беа користени и податоците од спроведеното оценување, како и стручноста, работното искуство и способноста што ја има државниот службеник, кои се неопходни за ефективно и

ефикасно извршување на работните задачи.

При изработката на Програмата беа користени и активностите, работните задачи и дефинираните работни цели кои се предвидени во стратешките документи за извршување на надлежностите на општината и колку истите се остварливи со моменталните капацитети на човечките ресурси, односно во кој дел и колку ќе биде потребна надградба на знаењеата и вештините на државните службеници заради нивно остварување.

7. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ОБУКИТЕ

Составен дел на Програмата за обука на државните службеници во општина Чешиново-Облешево за 2015 година се Табела А и Табела Б, во кои се дадени описите на Генеричките и Специјализираните обуки и целните групи кои ќе бидат опфатени со обуките.

Бр.07-1819/1 Совет на општина
30.10.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за распишување на конкурс за утврдување на грб и знаме на општина Чешиново-Облешево бр.07-1796/1 од 09.10.2013 година

1.Ја прогласувам Одлуката за дополнување на Одлуката за распишување на конкурс за утврдување на грб и знаме на општина Чешиново-Облешево бр.07-1796/1 од 09.10.2013 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1848/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За дополнување на Одлуката за распишување на конкурс за утврдување на грб и знаме на општина Чешиново-Облешево бр.07-1796/1 од 09.10.2013 година

Член 1

Одлуката за распишување на конкурс за утврдување на грб и знаме на општина Чешиново-Облешево бр.07-1796/1 од 09.10.2013 година се дополнува со нов член 3 кој гласи:

„Наградата за идејните решенија за изработка на грбот и знамето на Општина Чешиново-Облешево ќе изнесува вкупно 20. 000, 00 денари (дваесет илјади денари).

Член 2

Членот 3 преминува во член 4.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1842/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за издавање на Согласност за ставање во употреба на дел од канализациона мрежа во с.Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за издавање на Согласност за ставање во употреба на дел од канализациона мрежа во с.Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1851/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за издавање на Согласност за ставање во употреба на дел од

канализациона мрежа во с.Облешево

Член 1

Се издава согласност на ЈПКД „Облешево за ставање во употреба на дел од секундарната канализациона мрежа во с.Облешево и тоа:

-крак на ул.Сремска во должина од 315м и

-крак на ул.Ристо Симеонов во должина од 325м.

Член 2

Во согласност со Одлуката бр.07-1542/1 од 18.09.2014 година и овој дел од мрежата се предава на управување на ЈПКД „Облешево" кое ќе изврши приклучување на објектите за домување од овие улици на примарната мрежа, а оние кои веќе извршиле приклучоци истите да бидат евидентирани и да се регулираат во согласност со одредбите од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни и урбани води.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1843/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за одржување на гробиштата на територија на општина Чешиново-Облешево бр. 07-1529/1 од 18.09.2014 година

1.Ја прогласувам Одлуката за измена на Одлуката за одржување на гробиштата на територија на општина Чешиново-Облешево бр. 07-1529/1 од 18.09.2014 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1852/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-

Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за измена на Одлуката за одржување на гробиштата на територија на општина Чешиново-Облешево бр. 07-1529/1 од 18.09.2014 година

Член 1

Членот 3 од Одлуката за одржување на гробиштата на територија на општина Чешиново-Облешево бр. 07-1529/1 од 18.09.2014 година се брише.

Член 2

Членот 4 преминува во член 3.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1844/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

1.Ја прогласувам Одлуката за формирање на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1853/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), а во согласност со член 412 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на Република Макаедонија бр.54/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/2011, 51/2011, 114/2012 и 27/2014) Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за формирање на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Член 1

Се формира општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

За членови на Советот се именуваат:

1. Јоже Јефтимов
2. Славе Василев
3. Горанчо Трајанов
4. Тоде Стоилов и
5. Игор Јанев.

Член 2

Задачите на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата децидно се опишани во член 413 од Законот за безбедност на сообрачајот на патиштата.

Член 3

Мандатот на членовите на Советот за безбедност на сообвраќајот на патиштата трае 4 (четири) години.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1845/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево на ЈПКД „Облешево"

1.Ја прогласувам Одлуката за трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево на ЈПКД „Облешево", што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1854/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево на ЈПКД „Облешево"

Член 1

Се одобрува барањето на ЈПКД „Облешево" за трансфер на 180.000,00 денари (сто и осумдесет илјади денари) од Буџетот на општина Чешиново-Облешево на ЈПКД „Облешево".

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за плати и други материјални трошоци за ангажирање на сезонски работници во ЈПКД „Облешево".

Член 3

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2014 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1846/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на користење на дел од објект ОУ „Страшо Пинџур" Соколарци - објект Чешиново, на ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на користење на дел од објект ОУ „Страшо Пинџур" Соколарци - објект Чешиново, на ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1857/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на користење на дел од објект ОУ „Страшо Пинџур" Соколарци - објект Чешиново, на ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново

Член 1

Се дава на користење дел од објект на ОУ „Страшо Пинџур" Соколарци - објект Чешиново, на ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново со вкупна површина од 154,09м2.

Член 2

Општината да склучи посебен Договор за користење на просторот со ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново, во кој подетално ќе бидат опишани условите за користење на просторот.

Член 3

Објектот се издава на користење без надоместок.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1850/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за изградба и реконструкција на црковните храмови на територија на општината

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за изградба и реконструкција на црковните храмови на територија на општината, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1856/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана

на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за утврдување на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за изградба и реконструкција на црковните храмови на територија на општината

Член 1

Се утврдуват средства во висина од 1.000.000,00 денари (еден милион денари) за изградба и реконструкција на црковните храмови на територија на општината.

Член 2

Средствата да бидат исплатени линеарно на црковните храмови на територија на општината, во зависност од потребата на секој црковен храм пооделно и во зависност од реалната вредност на Барањето.

Член 3

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-1849/1
03.11.2014 год.
Облешево

Совет на општина
Чешиново-Облешево
Претседател
Тина Петрова

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на ЈПКД„Облешево" за приклучок на индивидуалните домаќинства од с.Кучичино на канализационата мрежа во с.Кучичино, одведување и третман на отпадните води од канализациониот систем во с.Кучичино и дефинирање на комунална такса за одведување и третман на отпадните води

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на согласност на ЈПКД„Облешево" за приклучок на индивидуалните домаќинства од с.Кучичино на канализационата мрежа во с.Кучичино, одведување и третман на отпадните води од канализациониот систем во с.Кучичино и дефинирање на комунална такса за одведување и третман на отпадните води, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 27.10.2014 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на

објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1855/1 Општина Чешиново-Облешево
03.11.2014год. Градоначалник
Облешево Костадин Личков

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.3/2005), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 27.10.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање на согласност на ЈПКД„Облешево" за приклучок на индивидуалните домаќинства од с.Кучичино на канализационата мрежа во с.Кучичино, одведување и третман на отпадните води од канализациониот систем во с.Кучичино и дефинирање на комунална такса за одведување и третман на отпадните води

Член 1

ЈПКД „Облешево" Облешево, да изврши прикличок на 100% од домаќинствата на канализационата мрежа во с.Кучичино.

Член 2

Отпадните води од канализационата мрежа да бидат одведувани до пречистителна станица каде што ќе се врши третман на отпадните води.

Член 3

Комуналната такса за одведување и пречистување на отпадните води се утврдува на 20 мкд/ м3 или 80 денари паушал по лице месечно.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.07-147/1 Совет на општина
03.11.2014 год. Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Тина Петрова

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за зимско одржување на локалните патни правци на територија на општина Чешиново-Облешево.....1
2.ПРОГРАМА за зимско одржување на локалните патни правци на територија на општина Чешиново-Облешево.....1
3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за восопставување меѓуопштинска соработка.....3
4.ОДЛУКА за восопставување меѓуопштинска соработка.....3
5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2014 година.....4
6.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на

Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-30.09.2014 година.....4
7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Спасена Николова од село Теранци..... 4
8.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Спасена Николова од село Теранци.....5
9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Силвана Соколова од Кочани.....5
10.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Силвана Соколова од Кочани.....6
11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Даринка Герасимова од Облешево.....6
12.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Даринка Герасимова од Облешево
13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за месец септември 2014 година.....7
14.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за работа на пазарот во Облешево за месец септември 2014 година.....7
15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за состојбата со уличното осветлување на територија на општината за месец Септември 2014 година.....8
16.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информација за состојбата со уличното осветлување на територија на општината за месец Септември 2014 година.....8
17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Ленче Ристова од Облешево.....9
18.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Ленче Ристова од Облешево.....9
19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Барањето на Весна Стојова за исплата на две заостанати плати.....9
20.ОДЛУКА за усвојување на Барањето на Весна Стојова за исплата на две заостанати плати.....10
21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за прославата на празникот на општината 21ви Септември.....10
22.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за прославата на празникот на општината 21ви Септември.....11
23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за материјална помош на Група пензионери од с.Бања (набавка на дрва за затоплување за пензионерски клуб во с.Бања).....11
24.ОДЛУКА за материјална помош на Група пензионери од с.Бања (набавка на дрва за затоплување за пензионерски клуб во с.Бања).....12

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за издавање на Согласност за издавање на Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, индивидуално домување, лоциран на КП бр.5844/2 КО Соколарци запишан во ИЛ бр.218 на име на Република Македонија и КП. Бр.5844/1 запишан во ИЛ бр.98 запишан на име на Глигоров Саздо.....12

26.ОДЛУКА за издавање на Согласност за издавање на Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, индивидуално домување, лоциран на КП бр.5844/2 КО Соколарци запишан во ИЛ бр.218 на име на Република Македонија и КП. Бр.5844/1 запишан во ИЛ бр.98 запишан на име на Глигоров Саздо.....13

27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за издавање на Согласност за издавање на Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, индивидуално домување, лоциран на КП бр.1198 КО Соколарци запишан во ИЛ бр.954 на име на Радован Нушев, Стојан Нушев и Дафинка Нушева.....14

28.ОДЛУКА за издавање на Согласност за издавање на Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, индивидуално домување, лоциран на КП бр.1198 КО Соколарци запишан во ИЛ бр.954 на име на Радован Нушев, Стојан Нушев и Дафинка Нушева.....14

29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2014 година.....15

30.ОДЛУКА за усвојување на Измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2014 година.....15

31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Одлуките донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07-30.09.2014 година.....16

32.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Одлуките донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.07-30.09.2014 година.....16

33.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишната Програма за обука на државните службеници за 2015.....16

34.ОДЛУКА за усвојување на Годишната Програма за обука на државните службеници за 2015.....17

35.ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2015 година.....17

36.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за дополнување на Одлуката за распишување на конкурс за утврдување на грб и знаме на општина Чешиново-Облешево бр.07-1796/1 од 09.10.2013 година..... 21

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

37.ОДЛУКА за дополнување на Одлуката за распишување на конкурс за утврдување на грб и знаме на општина Чешиново-Облешево бр.07-1796/1 од 09.10.2013 година.....22
38.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за издавање на Согласност за ставање во употреба на дел од канализациона мрежа во с.Облешево.....22
39.ОДЛУКА за издавање на Согласност за ставање во употреба на дел од канализациона мрежа во с.Облешево.....22
40.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за одржување на гробиштата на територија на општина Чешиново-Облешево бр. 07-1529/1 од 18.09.2014 година.....23
41.ОДЛУКА за измена на Одлуката за одржување на гробиштата на територија на општина Чешиново-Облешево бр. 07-1529/1 од 18.09.2014 година.....24
42.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.....24
43.ОДЛУКА за формирање на општински Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.....25
44.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево на ЈПКД „Облешево".....25
45.ОДЛУКА за трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево на ЈПКД „Облешево".....26
46.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на користење на дел од објект ОУ „Страшо Пинџур" Соколарци - објект Чешиново, на ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново.....26
47.ОДЛУКА за давање на користење на дел од објект ОУ „Страшо Пинџур" Соколарци - објект Чешиново, на ЈОУДДГ „Ѕвездички" Чешиново.....27
48.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за изградба и реконструкција на црковните храмови на територија на општината.....27
49.ОДЛУКА за утврдување на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за изградба и реконструкција на црковните храмови на територија на општината.....28
50.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на согласност на ЈПКД„Облешево" за приклучок на индивидуалните домаќинства од с.Кучичино на канализационата мрежа во с.Кучичино, одведување и третман на отпадните води од канализациониот систем во с.Кучичино и дефинирање на комунална такса за одведување и третман на отпадните води.....28
51.ОДЛУКА за давање на согласност на ЈПКД„Облешево" за приклучок на индивидуалните домаќинства од с.Кучичино на канализационата мрежа во

с.Кучичино, одведување и третман на отпадните води од канализациониот систем во с.Кучичино и дефинирање на комунална такса за одведување и третман на отпадните води.....29
51.СОДРЖИНА.....29

ПРИЛОГ:

1.Извештај за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2014 година, за период 01.01-30.09.2014 година

2.Измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2014 година

ИЗДАВА:ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО